ЛИКОВНА УМЕТНОСТ, МАТЕРИЈАЛ ЗА УЧЕЊЕ И ВЕЖБИ ЗА ПРВА ГОДИНА, ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК АНЕТА ДИМОВА СПАСОВСКА

ТЕМА:ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН-ОСНОВНА ФУНКЦИЈА НА ГРАФИЧКИОТ ДИЗАЈН

**Што значи графички дизајн?**

Повеќето од луѓето мислат дека знаат што преставува графичкиот дизајн. Билборди, логоа, списанија, видео игри, векторска графика итн… Но што преставува навистина? Тоа е професија, да, но ако копате малку подлабоко тогаш ќе сватите дека е навистина уметност – израз на естетика – за многумина. За оние кои преферираат да ја знаат точната дефиниција за графичкиот дизајн:




**Дефиниција за графички дизајн**

Графичкиот дизајн е уметност или професија на визуелна комуникација која ги комбинира сликите, зборовите и идеите за пренесување на информации до публиката, особено за да произведе одреден посакуван ефект. Со други зборови, графичкиот дизајн е комуникациски дизајн; Тоа е начин на пренесување идеи преку визуелизација и дизајн.

Но верувајте ни, графичкиот дизајн не е црно-бел концепт. За целосно разбирање на концептот на графички дизајн, важно е да имате солидно разбирање на елементите и принципите кои го сочинуваат дизајнот.



**Елементи на графички дизајн**

Дизајнерските елементи се основните единици на секој визуелен дизајн кои ја формираат структурата на дизајнот и ги пренесуваат своите визуелни пораки. Елементите на графичкиот дизајн се:

**Линија** – Најосновниот елемент на дизајнот. Линиите можат да бидат искривени, прави, дебели, тенки, дводимензионални, тридимензионални. – без оглед на тоа! Линијата е  елемент на дизајнот кој е дефиниран како точка што се движи низ просторот.

**Форма** – Обликот е дводимензионално дефинирана област создадена од линии. Различни видови на форми вклучуваат геометриски, апстрактни и органски форми и сите се основни елементи на дизајнот.

**Боја** – Бојата е еден елемент кој е особено важен за привлекување на внимание, бидејќи постои психологија која вели дека сите бои будат различни чувства и емоции. Постојат три главни карактеристики на бојата: нијанса (семејство на бојата), вредност (колку е светла или пак темна бојата), и сатурација (чистината на бојата).

**Типографија** – Типографијата е уметност на уредување на деловите кои што содржат текст. Ова е навистина важно бидејќи може многу да влијае на поракаta на дизајнот. Различни фонтови, во комбинација со разновидна големина, бои и растојание, можат да додадат енергија на концептот преку која дизајнерот ќе успее да искомуницира.

**Текстура** – Текстурата во дизајнот се однесува на тоа работите да изгледаат како да можете да ги почуствувате кога би ги допреле на екранот.  На пример, текстурата може да биде груба, мазна, сјајна, мека, тврда, итн. Текстурата е уште еден елемент кој се користи за привлекување на внимание. Може да се додаде на други елементи како што се облици, бои, слики, итн.

**Големина** – Големината во дизајнот е едноставна. Големината во принцип се користи како показател на важност, а исто така може да се создаде визуелен интерес преку користење на спротивни големини.

**Простор** – Просторот се однесува на областите на дизајнот кои се оставени празни. Овие области вклучуваат било какво растојание помеѓу, околу, под, или над другите елементи на дизајнот. Дизајнерите намерно оставаат  простори во дизајнот за да нагласат одреден сегмент.





**Принципи на графичкиот дизајн**

Принципите на графичкиот дизајн сугерираат како дизајнерот треба најдобро да ги организира различните визуелни сегменти на дизајнот за да се осигура дека сите елементи се поврзани еден со друг. Принципите на дизајнот се составени од повеќе сегменти:

**Баланс** – Постигнување на визуелен баланс во графичкиот дизајн се постигнува со употреба на симетрија и асиметрија. Ова се постигнува со балансирање на дизајнот преку форми, линии и други елементи кои се распределуваат рамномерно. Па дури и ако двете страни на дизајнот не се исти, тие имаат слични елементи. Балансот е многу важен бидејќи обезбедува структурна стабилност на дизајнот.

**Усогласување** – Усогласувањето се користи за поврзување на целокупниот дизајн. Сите аспекти на дизајнот треба да бидат усогласени со врвот, дното и центарот на дизајнот за да се создаде визуелна врска помеѓу елементите.

**Близината** – Близината создава визуелна врска помеѓу елементите на дизајнот. Тоа го минимизира нередот, го прави дизајнот повеќе разбирлив и обезбедува фокусна точка за гледачите. Не мора да значи дека сличните елементи треба да се поставаат веднаш едни до други, но треба да бидат визуелно поврзани.

**Повторување** – Откако ќе изберете како ќе ги користите вашите елементи, повторете ги тие елементи и понатаму во проектот, за да воспоставите конзистентност во текот на целокупниот дизајн. Ова повторување ги поврзува индивидуалните елементи и го зајакнува дизајнот, притоа создава чувство на организирано движење.

**Контраст** – Употребувањето на контраст се користи за да се нагласат одредени аспекти на дизајнот. Контрастот ви овозможува да ги нагласите разликите помеѓу елементите и да ги потенцирате клучните елементи во вашиот дизајн кои сакате да ги издвоите



.

Драги ученици,

Со оглед на тоа што предметот ликовна уметност подразбира повеке практична работа, ве молам да го совладате теоретскиот дел за тоа што е графички дизајн, за да може во рамките на следните часови вашата креативност да ја покажете на дело(хахаха). Мораме да бидеме ,ведри,расположени и секогаш спремни за добра комуникација.

За сите дополнителни информации и се што е во ваш интерес, ве молам да ме контактирате на следниот маил aneta.spa@yahoo.com ,а ако сакате, можете да ме додадете и во вашата ФБгрупа

Срекни и ЗДРАВИ и се надевам наскоро да се гледаме, позз